

**П**елазгите го добиле името од народот Пеласти (Беласти), термин со исто значење и во современиот македонски литературен јазик, бел народ по својот бел пигмент на кожата, а бидејќи врз основа на јазикот и писмото се определува автохтоноста на еден народ или нација и припадноста на современиот македонски литературен јазик е во индоевропската (виндоевропската) “Древномакедонско-пелазгиска група на јазици и писмо од древните народи поклоници на сонцето”, [1] од кои подоцна “од неолитските Пелазги настанале групите ентитети Анти, Венети” [2] и “Древномакедонци”, [3] всушност од “Антите, Венетите и Древномакедонците настануваат и ентитетите: Феникијци; Бриги (Фриги); Етрурци; Мизи; Скити; Трибали; Траки; Дардани; Илири…”. [4]

**Е**тимологијата на името Ематија (Матија) во науката се толкува како алуминација на божицата на земјата Ма (Мајка), според други “името на првиот македонски цар Македон”, [5] “син на врховниот бог Seys (Зевс) и на Тија, кој живеел во Македонија северно од Олимп, во Европија“, [6] чиј син Европ исто имал кралска власт, кој бил внук на врховниот бог Seys (Зевс).

“**Л**ингвистички траги од Пелазгиско-Античко-Древномакедонски етногенеродни браќа по род се среќаваат во називите: Антика; Антипатриди; Антигониди; Антипатар; Антипатра; Антигон; Антиох; Антихија; Антилиј; Антимен; Антиција; Антица; Антинеа; Антигона; Антипетра; Антиохија; Антикија; Анталија; Антипатрија; Антверпен...”, [7] а пак “од етногенеродните Пелазгиско-Венетско-Древномакедонски браќа по род во називите: Венеди; Венди; Винди; Вендули; Енети; Хенети; градот во Македонија Енеја на реката Венета; Венеција; Виена; Венета во Австрија, Швајцарија и Бретанија; Венет во Шпанија; Венетски залив на Балтикот; Венеја, престолнина на Венетите во Македонија; Вандалија, област во Полска; Виндије, област во Унгарија; Венетик, место во Австрија; Вендс, место во Словенија; Виндиш, место во Швајцарија; Вендик, место во Баварија; Венделиција, место кај Брандебург; Вандалитија, постаро име на Андалузија; Венетик Хилс, место во Германија; Венетија, предел во Бретанија; Виндланд, област во Скандинавија; Венеда, предел во Анадолија; Вендаи, место во Иран; Вендијана, област во Сирија; Венедија, предел во Ирак; Виндера, место во Палестина; Венети, Тројанско етногенеродно братство кое ја населило Млетачката област (Италија); Венетитатус, етногенеродно братство во северозападна Галија; Венусиа, град во Апулија (Италија); сите кралеви на Данска нарекувани king Wendov (крал Венетски) ...” [8]

**М**акедонската национална свест, творечките создавања, сопствената надградба и Божјиот дар (слободна добра волја) кај македонскиот народ го покажаа патот кон посовршено живеење владеење, станувајќи цивилизациска културна колевка на Европа и светот, а со епитетот “Македонски” македонскиот народ уште од петтиот милениум п.н.е. претставува единствен случај на нација во светот, која во континуитет суштествува на истото македонско тло од неолитот до наши дни, и чии археолошки наоди имаат древномакедонска содржина и карактер со артефакти на врежани зборови “Македон”, “род македонски”, “Македонец”.

**Г**ранка од Венетите ја напуштиле својата престолнина Енеја од Македонија  отселувајќи се во Мала Азија, каде го основале градот Троја... ”и биле родени браќа со Антите и Феникијците, живееле едни покрај други и измешано...”, [9] “кои ги има и далеку на северозапад... каде подигнале многу градови, со кои можат да се гордеат...”,

[10]
а “во сите простори заеднички јазик бил Пелазгиско-Антично-Венетскиот, односно Древномакедонскиот”.
[11]

**М**акедонија била населена од Китим, внук на Јафет, еден од синовите на Ное

(I Мојс.10.4,) од нив се разгранија одделни народи во земјите нивни, секој според јазикот свој и народот (I Мојс.10.5,), и не случајно Македонија е 28 пати спомната во Светото Писмо-Библија, кое е пишувано во времето кога на три континенти Европа, Азија и Африка владееја Македонците.

**С**тарозаветниот пророк Мојсеј, XV и XIV век п.н.е, соопштува дека Македонците поседувале поморска флота кога вели (бродовите од страна на Китим), а зборот Китим на древномакедонски и современомакедонски јазик е со исто значење, во преносна смисла, кога ќе речеме, се кити со цвеќе, или китка од цвеќе, и буквално Македонија со своите природни убавини, од Бога дадени, на толку мал простор е токму како китка од цвеќе, а во близина на градот Skupi ( Скопје, Р. Македонија) има планина која до денешни дни го носи името Китка, чие име се среќава во Библијата (Genezis, 10.4,), но заслужува внимание и податокот од книгата за Макавеите, кој покажува дека Македонскиот цар Александар III Македонски доаѓа од земјата Китим.

**Ч**ешкиот историчар Д-р. Павел Олива, установува дека древна Македонија е прва организирана општествена заедница од пред повеќе од три милениуми п.н.е., и вели: “Најстар документ за Македонците ќе најдеме во Хисидскиот Список на жените, каде наведува дека, ќерката на Деукалион, Тхија му родила на Дио (Seys) два сина, Магнет и Македон, кои го населиле теренот кој се простирал околу планината Олимп и северно во Пиерија... [12]

**Д**ревномакедонците на тлото на Македонија ја формирале првата држава на цивилизациското суштество човек во светот, со “древномакедонска династија на цареви”, [13] со централистичко владеење на целата неделива етничко-географска територија, со пелазгиско-древномакедонски јазик и писмо, со древномакедонска култура, со древноцивилизациски македонски вредности... чие присуство денес го сведочат 6.000 регистрирани археолошки наоѓалишта со безброј артефакти од древномакедонска оставштина на територијата на Р. Македонија.

**Е**гипетскиот крал Psametih I (654-609 година п.н.е.), ангажирал истражување, кој народ е најстар во светот и дошол до заклучок дека тоа се Бригите (Фригите) во Македонија, всушност древномакедонците се најстариот народ во историјата на цивилизацијата... [14]

**БЛАГОЈ ТРАЈКОВ**

---

[1] V. Thomsen, sur la parente de la langue etrusque, Copenhagen, 1954, p.188

[2] Д-р Петар Поповски “Украдена историја” 2009.57.

[3] M. Ch. Fittboten. De Pelazgis, De comentario historica et eritica, Frankfurt. 1862 pp.11-23

[4] Anthenz Ambrozic, Gordicki knot unbouned, Toronto, Kanada, 2001, pp.41-72

Dimitri Skepsiski, On the Martialling of the Trojan Forzes Cambridge, London, 1931. pp.43-44

[5] Д. Срејовић, А. Цермановић-Кузмановић, Речник грчке и римске митологије, Београд, 1979, s.v.

[6] Homer, Iliad.,II. 846

[7] Д-р. Петар Поповски. “Украдена историја”. 2009. Стр. 205

[8] Види пошироко: Д-р. Петар Поповски. “Украдена историја”. 2009.

[9] Dimitri Skepsiski,On the Martialling of the Trojan Forces, Combridge, London, Бретанја (Bretagna)

[10] Galius Julius Caesar, De Bello Gallico, Romae, 1749.

[11] Emile Burnof, Essoai sur le Veda…p,57

[12] (D.r. Pavel Oliva, Нова Македонија 20.11.1996).

[13] H. B. Voyage into Levant, London, 1636.p.19.

[14] Her., Historia, klia, I.30.